РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2736/3
31-12-2024

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 12-та седница одржана на 24.12.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2736/1 од 25.10.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, за предметниот случај.

Предметот со број 12-2736/1 од 25.10.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2736/1 од 25.10.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на незадоволство од донесено Решение за разрешување на директор за /// бр. /// од /// година, донесено од ///, со кое подносителот е разрешен од вршењето на оваа функција. Пријавата е дополнета по електронски пат на 28.10.2024 година.

По разгледување на содржината во пријавата и увидот во горе означеното Решение, кое подносителот го има доставено во прилог на пријавата, ДКСК утврди дека надлежен орган за решавање на предметниот случај е Управниот суд на РСМ, кое што право на подносителот му е дозволено согласно со дадената правна поука во предметното Решение. Следствено,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК оцени дека нема надлежност да ги испитува наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: З. Б., член

Доставено до:
- Подносителот